Летен ден. Разголено дете трча по широкиот ѕид на калето кој што наликува на улица поплочена со камени плочи. Во еден миг помислувате дека детето полетува кон градот што е осветлен од ниските сончеви зраци или можеби ќе успее да ја совлада кривината што е пред него и ќе продолжи да се движи по улицата / ѕидот.

Ова е само една фотографија од вкупно 854 фотографии кои што пристигнаа на конкурсот на тема УЛИЦА. Импресивна бројка која што ја потврди претпоставката дека квантитетот носи квалитет. Односот на една избрана фотографија од скоро 22 пристигнати зборува дека критериумите беа навистина строги, можеби дури и неправедни за некои фотографии кои што ги задоволуваа естетските критериуми на жирито. Но, правилата се такви и мора да се почитуваат. Чувството на вина кај жирито беше присутно и при доделувањето на наградите затоа што повеќе фотографии го заслужуваа тоа. Сепак на крај нијансите одлучија кои четири да бидат издвоени како најуспешни на конкурсот, а една од нив да ја понесе и главната награда.

Авторите покажаа дека креативната слобода е голема и секој има право да ја прикаже улицата на свој начин. Иако станува збор за дигитални фотографии (во најголем број), односот помеѓу црнобелите и фотографиите во боја е еднаков. Некои фотографи бојата ја користат како ликовен елемент, а пак на други градацијата од сиви тонови им помага да ја прикажат третата димензија и да доловат одредена улична атмосфера. Четириесетте избрани фотографии ја прикажуваат улицата и животот на неа во сите можни варијанти.

Роберт Јанкулоски

главна canon награда



Владимир Луковиќ - In the rain

www.FOTOGRAF.mk




canon 2010
Македонија

"Улица"

**Изложба на фотографии**

***27 Ноември 2010, Скопје***
***Кинотека на Македонија***

**Фотограф.мк** е проект на фотографски ентузијасти и е започнат со цел да се промовира фотографската култура во Македонија, а тоа подразбира и организација на фотографски збиднувања.

Овој каталог сведочи за нашата прва изложба која беше подготвувана подолго време, со мисија да се направи успешен настан во кој сите љубители на фотографијата можат да уживаат и визуелно да комуницираат со квалитетни дела на македонски автори без разлика дали се професионалци или аматери. Со овој конкурс и благодарение на соодветни стручни селектори, сакавме да направиме пресек на македонското фотографско творештво на една интересна и вечно интригантна тема, улицата и уличната фотографија. Успешна или не, на оваа изложба конкурираа повеќе од 800 фотографии, на преку 250 автори од најразлични делови на Македонија. Жирито имаше невозможна задача, требаше да одлучи да награди само четири фотографии, од кои еден ја добива главната награда - професионален фотоапарат.

**Фотограф.мк** опстојуваше и работеше оваа цела година за вас, за сите фото љубители кои го држите ова парче хартија. Постоевме и ќе постоиме со една цел, а тоа е нашата многу јасна порака, дека сакаме да ја презентираме фотографијата на еден поинаков начин, надвор од сите клишеа, надвор од сите трендови. Да ја презентираме истата и да внесеме ентузијазам, да го прошириме тој фотоентузијазам во нашата земја и фотографијата конечно да се разбере како начин на живеење, како начин на творење, како уметност.

*Фотографијата е многу повеќе од медиум за вистинска комуникација на идеи. Таа е креативна уметност.*

**Организатори:**

Атанас Бајлозов

Марио Давчевски

**Стручно жири:**

Роберт Јанкулоски
*(претседател на комисијата)*

Стефан Сидовски

Владимир Секуловски

диплома за успешна фотографија



Ана Лазаревска - Над Битола

диплома за успешна фотографија



Лариса Митиќ - Под исто сонце

диплома за успешна фотографија



Славица Панова - Љубопитност



Камка Тоциновски - Во нејзините очи



Камка Тоциновски - Кога сопругот не е дома



Златко Менкиноски - После дождот



Славица Панова - Фамилија


Благоја Јанкоски - Ангел


Благоја Јанкоски - Street TV


Иван Блажев - Првоаприлски ангел


Ѓорѓи Анастасовски - Cupid


Иван Блажев - Ѓурѓовденски ручек


Дарко Котевски - Разминување


Борче Сиљаноски


Ванчо Николовски - Крушево



Предраг Тасевски - Парови



Горче Ставрески - На работ



Бранко Костески - Ruined



Елена Ѓеровска - Јас, улицата 2



Мартин Галевски - Попладневна дремка



Ѓорче Ставрески - Сонот на работникот



Мартин Галевски - Од 35 до 48



Мартин Димитриевски - Чаршиски шизик



Звонко Плавевски - Мостот



Димитар Апостолов - Сеќавања




Сања Николиќ- Бујрум



Сања Николиќ - Passenger



Александар Несторовски - Заробени



Николина Атанасоска - Step by step



Александар Несторовски - Blues & Soul



Ема Тренчевска - Осаменост



Александар Наумчевски - Winter sun



Ирена Јовановска - I see you!



Раде Луковиќ - Селски праг



Гоце Димитриевски - In between



Ирена Јовановска - Dance with skeletons



Раде Луковиќ - Надвор од реалноста



Александар Наумчевски - Morning shower



Сашо Каркамишев - Прикрадување